# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 6/2019
## 07.06.2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации на општина Неготино за 2019 година**

Се објавува **Програмата за изменување и дополнување на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации на општина Неготино за 2019 година** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.06.2019 година.

Бр.09-293/1
07.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/02) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Службен гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11 и 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 06.06.2019 година ја донесе следната:

**Програма за изменување и дополнување на**
**Програмата за култура, спорт и**
**соработка со здруженија и фондации за 2019 година**

**Член 1**

во Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации за 2019 година, се вршат следните измени:

Во делот **I. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА**

Активност бр.7 ***НЕГОТИНСКА МУЗИЧКА ВЕЧЕР 2019***

– во ставката Договорни услуги износот од 550.000,00 денари се брише, односно средствата во вкупна висина на овој износ се префрлаат во Активност бр.5 NEGOTINO OFF FESTIVAL 2019, во соодветната ставка Договорни услуги

Активност бр.5 ***NEGOTINO OFF FESTIVAL 2019***

- во ставката Договорни услуги износот од 150.000,00 денари се зголемува за 550.000,00 (горенаведени средства кои се префрлаат во оваа активност од активност бр.7) и се заменува со 700.000,00 денари.

Притоа вкупниот износ за реализација на оваа Програмата останува непроменет.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-283/3
06.06.2019 година

**Совет на Општина Неготино**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решение за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување на општина Неготино за 2019 година**

Се објавува **Решение за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување на општина Неготино за 2019 година**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.06.2019 година.

Бр.09-293/2
07.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 06.06.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2019 година на општина Неготино**

**Член 1**

СЕ ДАВА согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2019 година на општина Неготино со бр. 09-292/1 од 06.06.2019 година.

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-283/4
06.06.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2019 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур„ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2019 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур„ Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.06.2019 година.

Бр.09-263/3
07.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 06.06.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2019 година на Локалната библиотека „Страшо Пинџур" Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2019 година на Локалната библиотека „Страшо Пинџур" Неготино со бр.03-56 од 29.05.2019 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-283/5
06.06.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за преостапување на користење на движна ствар бна ЈП Комуналец Неготино**

Се објавува **Одлука за преостапување на користење на движна ствар на ЈП Комуналец Неготино**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.06.2019 година.

Бр.09-293/4
07.06.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 79 став 1 точка 34 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 06.06.2019 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За преотстапување на користење на движна ствар на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино**

Член 1

Со оваа одлука се преотстапува на користење на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино **Универзален ровокопач- натоварувач** со придружна опрема ( хидрауличен чекан и даска за снег) од марка HIDROMEK , модел HMK 102B, година на производство 2019, број на мотор NM75621U316827D, број на шасија HMK102BKL2B063872, сила на мотор (kw) 74,5, даден на трајно користење од Министерство за финансии на РСМ со Договор бр. 03-4711/1 од 31.05.2019 година.

Член 2

Согласно Меморандум за соработка бр. 09-111/1 од 14.02.2019 година помеѓу Општина Неготино, Општина Кавадарци и Општина Демир Капија движната ствар опишана во член 1 од оваа Одлука ќе биде дадена на користење на другите општини согласно член 3 од Меморандумот односно согласно планот за работа на комуналните претпријатија како и по потреба во случај на итни и неодложни работи.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино".

бр.08-283/6
06.06.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**

**Диме Витанов с.р.**

# СОДРЖИНА
## Службен гласник бр. 6/2019

1. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации на општина Неготино за 2019 година Стр. 1

2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации на општина Неготино за 2019 година

Стр. 2-3

3. Заклучок за објавување на Решение за давање согласност за измена на план за вработување на општина Неготино за 2019 година

Стр. 4

4. Решение за давање согласност за измена на план за вработување на општина Неготино за 2019 година

Стр. 5

5.Заклучок за објавување на Решение за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2019 година на Локална библиотека ,,Страшо Пинџур,, Неготино Стр. 6

6.Решение за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2019 година на Локална библиотека ,,Страшо Пинџур,, Неготино

Стр.7

7.Заклучок за објавување на Одлука за преостапување на користење на движна ствар на ЈП Комуналец Неготино Стр. 8

18. Одлука за преостапување на користење на движна ствар на ЈП Комуналец Неготино Стр.9